Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-505/8

24-10-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-505/1 од 11.9.2023 година поднесена од [redacted] од Скопје против Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД- Скопје и Јавно претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија"- Скопје, за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 16.10.2023 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** сторена од страна на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД- Скопје и Јавно претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија"- Скопје врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка заведена под бр. 08-505/1 од 11.9.2023 година од [redacted] за сторена дискриминација од страна на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД- Скопје и Јавно претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија"- Скопје.

Согласно наводите од претставката, подносителот е пензионер кој над 40 години работел во железничкиот сообраќај, и тоа во ЈЖ-ЖТП Скопје, ЖТО Скопје, ЈП МЖ и последно во ЈПМЖ Инфраструктура. Дава објаснување дека во текот на 2007 и 2008 година, ЈПМЖ се поделило на две правни лица, односно на Јавно претпријатие Инфраструктура и на Акционерско друштво МЖ Транспорт, кое е во државна сопственост. Наведува дека при поделбата, со т.н. Закон за поделбата на имотот, средствата, правата и обврските на ЈПМЖ било пропишано дека до конечна приватизација на МЖ Транспорт АД Скопје, која требало да се случи најдоцна за пет години, вработените во двете правни лица ќе имаат еднакви права и обврски. Меѓутоа, подносителот наведува дека спротивно на ваквата законска одредба, по краток период МЖ Транспорт АД, иако сè уште не било приватизирано, го укинало постоечкиот правилник за превоз на железничките работници и бил донесен нов правилник со кој вработените и пензионираните од ЈПМЖ Инфраструктура биле изоставени од повластен превоз.

Подносителот натаму наведува дека со убедувања и меѓусебни препукувања на раководителите на двете правни лица, повремено бил овозможен службен и приватен превоз во возовите за сите железнички работници и пензионери, а веќе следната година истиот превоз бил повторно укинат за вработените во Јавното претпријатие Инфраструктура. Со ова, подносителот смета дека покрај непочитување на одредбите од законот со кој ЈПМЖ било поделено на две правни лица, сторена е и дискриминација на еден дел од работниците и пензионерите кои работат или работеле во јавното претпријатие.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, по увид во поднесената претставка, а согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 12.9.2023

година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот, задолжувајќи го да ја доуреди во насока што точно ќе наведе против кои правни лица против ја поднесува претставката.

На ден 18.9.2023 година до електронската пошта на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна доуредување од страна на [redacted], заведено под бр. 08-505/3. Во доуредувањето подносителот наведува дека претставката ја поднесува против правните лица Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД- Скопје и Јавно претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“- Скопје.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 18.9.2023 година испрати Известување бр. 08-505/4 и Известување бр. 08-505/5 за произнесување по наводите од претставката до Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД- Скопје и Јавно претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“- Скопје.

На ден 3.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од Јавно претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“- Скопје како одговор на претставката.

Во одговорот се наведува дека издавањето на билети за патници, како и повластени билети за патници-пензионери, односно поранешни вработени во ЈП Македонски железници Ц.О.-Скопје, не е во нивна надлежност, туку во исклучива надлежност на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД- Скопје.

Истиот ден, на 3.10.2023 година, до Комисијата пристигна произнесување од Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД- Скопје како одговор на претставката.

Во одговорот најпрво се наведува дека законот на кој подносителот се повикува во неговата претставка, односно Законот за поделба на имотот, правата и обврските на ЈП МЖ, не постои, а вистинскиот закон е Законот за трансформација на Јавното претпријатие „Македонски Железници“- Ц.О. Скопје (Сл. Весник на РМ 29/2005). Во оваа насока, го цитираат член 4 од Законот, со кој е пропишано следното:
„Во постапката за трансформација на ЈП "Македонски железници", капиталот, средствата, вработените, правата и обврските на ЈП "Македонски железници" ќе се поделат согласно со планот за поделба изготвен од Министерството за транспорт и врски, а верификуван од Владата на Република Македонија, и тоа:
а) капитал, средства, вработени, права и обврски поврзани со управувањето, изградбата, реконструкцијата, ремонтот, одржувањето, заштитата на железничката инфраструктура, организирањето и регулирањето на железничкиот сообраќај и раководењето со системите за регулирање и безбедност, ќе се пренесат на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура "Македонски железници" - Скопје и
б) капитал, средства, вработени, права и обврски поврзани со вршење на железнички превоз ќе се пренесат на Акционерско друштво за транспорт Македонски железници Транспорт А.Д. - Скопје.“

Врз основа на овој член, како што наведуваат, подоцна бил донесен нов акт со кој се уредил начинот на превоз на железничките работници вработени во МЖ Транспорт АД Скопје. Поточно, МЖ Транспорт АД Скопје во 2008 година донел „Правилник за превоз на железничките работници во возовите на МЖ Транспорт АД Скопје во внатрешен и меѓународен сообраќај (643)“, во кој точно било дефинирано кои железнички работници и под кои услови, имаат право на превоз. Притоа, појаснуваат дека со овој Правилник се регулира превозот на вработените во МЖ Транспорт АД

Скопје и истиот не се однесува на работниците од ЈПМЖ Инфраструктура Скопје, кои, како што се наведува во произнесувањето, немаат право на тоа, согласно погорецитираниот член 4 став 6 од Законот.

Дополнително наведуваат дека со член 2 од Правилникот е пропишано следното:
„1. Железнички работник е лице вработено во МЖ Транспорт АД-Скопје.
2. Железнички пензионер е лице кое од ЈП „Македонски железници" Ц.О. Скопје отишло во старосна или во инвалидска пензија до 8.8.2007 година и лице кое од МЖ Транспорт АД- Скопје отишло во старосна или во инвалидска пензија."

Притоа, појаснуваат дека врз основа на Правилникот ниту вработените во МЖ Транспорт АД- Скопје немаат право на неограничен број на бесплатни патувања во текот на една година, туку само на две бесплатни патувања и десет повластени патувања со попуст од 90% за втора класа, односно 75% за прва класа, на која било релација на мрежата на Македонски железници. За да го оствари ова право, велат дека лицето треба да поседува соодветна легитимација заверена за тековната година, со слика, име и презиме.

Во однос на подносителот наведуваат дека тој, како и останатите пензионери, може бесплатно да патува секој втор викенд, секој месец, во сите возови на МЖ Транспорт АД-Скопје, на сите релации и дополнително, како пензионер да користи повластено патување со 30% попуст од редовната возна цена.

Од наводите во претставката, произнесувањата по истата, како и севкупно приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација.

Имено, согласно член 4 од Законот за трансформација на јавното претпријатие „Македонски железници"- Ц.О. Скопје, Комисијата увиде дека Македонски Железници Транспорт АД- Скопје при поделбата ги има преземено капиталот, средствата, вработените, правата и обврските поврзани со вршење на железнички превоз. Тоа значи дека акционерското друштво е надлежно за издавање на билети за патници, односно повластени билети за патници-пензионери, поранешни вработени во ЈП „Македонски железници"- Ц.О. Скопје. Исто така, акционерското друштво е надлежно за пропишување на условите за издавање на билети.

За оваа цел, во 2008 година бил донесен Правилник за превоз на железничките работници во возовите на МЖ Транспорт АД- Скопје во внатрешен и меѓународен сообраќај, во кој е дефинирано кои железнички работници, и под кои услови, имаат право на повластен билет. Имено, во член 2 од Правилникот е пропишано следното:
„1. Железнички работник е лице вработено во МЖ Транспорт АД-Скопје.
2. Железнички пензионер е лице кое од ЈП „Македонски железници" Ц.О. Скопје отишло во старосна или во инвалидска пензија до 8.8.2007 година и лице кое од МЖ Транспорт АД- Скопје отишло во старосна или во инвалидска пензија."

Видно од дефиницијата, за железнички работници се сметаат оние кои се моментално вработени во МЖ Транспорт АД-Скопје, додека за железнички пензионери оние кои заминале во пензија од ЈП „Македонски железници" Ц.О. Скопје до 8.8.2007 година, односно од МЖ Транспорт АД- Скопје после трансформацијата на јавното претпријатие. Оттука, вработените кои заминале во пензија од ЈП за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија"- Скопје не се сметаат за железнички пензионери и следствено на тоа, немаат право на повластен превоз во железничкиот сообраќај.

Ова е од причина што погорецитираниот член 4 од Законот за трансформација на јавното претпријатие „Македонски железници"- Ц.О. Скопје изрично ги доделува капиталот, средствата, вработените, правата и обврските поврзани со вршење на железнички превоз на МЖ Транспорт АД-Скопје, додека на ЈП за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија"- Скопје му припаѓаат капиталот, средствата, вработените, правата и обврските поврзани со управувањето, изградбата, реконструкцијата, ремонтот, одржувањето, заштитата на железничката инфраструктура, организирањето и регулирањето на железничкиот сообраќај и раководењето со системите за регулирање и безбедност. Оттука, самиот Закон не ги сместува вработените во ЈП за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија"- Скопје во групата железнички работници, со што МЖ Транспорт АД-Скопје би немало надлежност да додели повластен превоз на вработените во јавното претпријатие, имајќи ја предвид моменталната законска регулатива која железничкиот превоз, а со тоа и железничките работници, ги има доделено на акционерското друштво.

Следствено на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција на дискриминација содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите"*.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација од страна на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД- Скопје и Јавно претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија"- Скопје врз Љубе Ризоски.

Скопје
24.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД- Скопје, ул. Трета македонска бригада бр. 66, 1000 Скопје
- Јавно претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија"- Скопје, ул. Јордан Мијалков бр. 50-Б, 1000 Скопје